**Прегледни научни рад**
**УДК:159.97:343.3/.7**
**ДОИ:10.7251/ZCMZ0125419S**

# ПРЕВЕНТИВНИ АКТИВНОСТИ КАКО УСЛОВ ЗА ОТКРИВАЊЕ И СУЗБИВАЊЕ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

***Д-р Драган Стефановски***[143]
***СУГС „Браќа Миладиновци“ Скопје***

***Апстракт:*** *Еволутивниот карактер на постмодерното општество не претставува реторичко прашање на оваа теоретско-емпириска студија, туку реториката е насочена во контекст на трансформација на општествените вредности, губење на традиционалните вредности како и појавата на општествена аномија во постмодерната. Во контекст на оваа студија е општествениот феномен на семејно насилство, при што приоритетот е ставен на насилство над жената, во дисфункционалните семејства. Трансформацијата иницирана од глобалните процеси во современото општество дополнително ја асцелерираа социјалната стратификација, иницирајќи ја социо економската диспропорција помеѓу населението. Општествената аномија во доцната постмодерна е евидентна преку нејзините индикатори во контекст на губењето на општествените вредности и норми во општеството. Новиот вредносен систем иницираше општествена еволуција, истиснувајќи ги вредностите како емпатија, хуманост, толеранција, поддршка и меѓусебно разбирање. Преку оваа социолошка студија ќе го согледаме влијанието на социоекономската положба како еден од факторите за семејно насилство, при што приоритетот го ставам на физичкото насилство над жената. При тоа накусо ќе се задржам на меѓународните документи, каде што посебен акцент ставам на Истанбулската конвенција. Со оваа теоретско емпириска студија креираме една социолошка перцепција за насилство врз жената во современото македонско општество, како истото се третира и превенира од страна на државните институции и невладиниот сектор.*

***Клучни зборови:*** *дисфункционално семејство, физичко насилство, меѓународни документи, Истанбулска конвенција.*

## Вовед

Дисфункционално семејство е поим кој се почесто го сретнуваме во современото општество. Во семејството различни единки фунционираат комбинирано поточно посебно, но и во целина. Децата би требало да се се развиваат, и постепено да стекнуваат искуство, а подоцна и да градат ставови за светот околу себе. Глобалните промени со кои се соочуваме во општеството доведуваат и до видливи промени во семејството, кој за жал најчесто се негативни. Сé повеќе има семејства во кој недостасува топлина, разбирање и комуникација како и проблеми кои се почесто демнат во семејството а сврзани се со социо-економската положба. Во овој контекст сé поприсутна е и појавата на дисфункционални семејства. „Влошувањето или минимизирањето на семејната улога може да доведе до конфликти кои тешко се управуваат во семејството. Семејното насилство е феномен што не може да се занемари поради неговиот обем. Постојат ситуации каде што „партнерот е малтретиран, понекогаш и децата, тие ја губат радоста, љубовта и разбирањето на своите врсници, а нивното ментално здравје може да биде засегнато“ (Beatrice, 2022:43).

[143]draganstefanovski@hotmail.com

Долгото траење на постапките за семејно насилство доведуваат често до примарна и секундарна виктимизација на жртвата на семејно насилство. „Со семејното насилство се опфатени и постарите лица кои немаат помош од семејството така што често постануваат социјално маргинализирани.Така Британското геријатриско друштво како главни ризици кое друштвото ги поврзува со насилството над старите лица се социјалната изолација на жртвата и долготрајниот лош однос помеѓу насилникот и постарото лице кое е жртва на насилство.Разни видони на зависности на насилникот и ментални пореметувања“ (Рељиђ, 2018:162-163).

**Дисфункционални семејства и проблемот со семејно насилство**

Дисфункционалните семејства се детектираат во сите општествени слоеви независно од културолошкиот, етничкиот, религиозен или образовен статус. „Дисфункционалното семејство го претставува семејството во негирање, не препознавајќи го постоењето на било каква проблематична ситуација и/или може да создаде проблеми таму каде што тие не постојат. Дисфункционалното семејство има еден вид несоодветна хиерархиска структура“ (Beatrice, 2022:40). Може да говориме за ракатка на проблеми кои претставуваат иницијална каписла за појава на дисфункционалност, а како најдомиантни се перфекционизмот, немањето на емпатија како кон член на семејството така и за поблиската околина, ментално оболување на еден или двата родители и слично.

Сите истражувања на почетокот на 21 век говорат дека нема совршени семејства, така има богати семејства кои се дисфункционални, и обратно сиромашни семејства во кои владее топлина, хармонија, толерантност и почитување на секој член на семејството. Основната одлика на живеење во дисфункционално семејство е дека најголемиот број од членовите најчесто сопругата, а особено децата страдаат поради „наметната присилба“ да се избегнуваат контакти со роднини и соседи, и стриктната забрана да се зборува за состојбите во семејството, случаите на насилства или психички оболувања на член од семејството. Семејството треба да ги исполнува своите основни функции. Штом истото се соочува со било каков проблем, семејството постанува несигурно место за живеење во кое сé поприсутно е страдањето и стравот од можно насилство. Правилата се „наметнуват“ од еден член од семејството и значително се крути. „Тој што наметнува“ има намера да предизвика чувство на вина, а улогата на жртва ја има жената или друг член од семејството. Интересно е што контактите меѓу членовите се сé поретки, истите се на висок тон кои најчесто завршуваат со психолошко или физичко насилство. Невработеноста, нерешените станбени и егзистенцијални проблеми, болест на близок член на семејство, зависност, злоставување како и развод во семејството влијаат на самата динамика на животот во семејството во кое како „скриена подземна вода“ се навлекува во основните темели на семејството стресот и фрустрацијата. „Семејното насилство е термин кој е широко применет за сите форми на злоупотреба што се јавуваат во семејните односи, без разлика дали е физичко, сексуално, финансиско/економско, емоционално/психолошки, вербално, духовно или вклучува занемарување на нечии потреби“ (Tyyskä, 2013:2). Насилството е сериозен општествен проблем кој не може едностарно да се посматра но психолошките и социоекономските фактори се клучни. Некои автори сметаат дека на почетокот на 21 век дошло до епидемија на семејно насилство поради пренесување на фрустрации сврзани со сиромаштвото и невработеноста. Други пак се склони на конфликти околу тоа, кој има право во поставување на правилата на воспитување, и кој е главен во семејството. Некој автори предупредуваат, како мажот како „симбол на сила и материјлна сигурност може да биде насилен према сопругата и децата бидејќи тоа било дел од неговиот претходен стил на живот. Разводот е крајната форма на брачната нестабилност и надворешна последица на сите проблеми на стрес и фрустрации кои партнерите ги проживеале.

После разводот најчесто продолжува конфликтот со бившиот партнер/партнерка, се намалува не само животниот стандард туку и нивниот социјален статус, намалувањето на дружењето кое доведува до извесно маргинализирање и изолираност.

## Конвенции и декларации значајнни за сузбивање или намалување на семејното насилство

Семејното насилство претставува кршење на основните човекови права, потврда за ова се наоѓа и во фактот дека во Конвенцијата за елиминирање и дискриминација на жените(CEDAW) донесена од страна на Генералното собрание на ОН од 1979 година не се регулира прашањето на семејното насилство на жените. Економскиот и Социјалниот совет на Обединети нации во 1984 година носи резолуција сврзана за семејно насилство, е носечката база за Резолуцијата на Генералното собрание на ОН од 1985 со која се апелира преземање на активности во насока не само за попречување на насилството, но и да преземање активности за помош на жртвите. Значајна е улогата и на Комитетот за елиминација на дискриминација на жените, кој како основна задача е остварување на надзор на имплементацијата на Конвенцијата на ОН од 1979 година. Декларацијата за елиминирање на насилството врз жените, насилството го дефинира како кршење на основните права и слободи на жената, и поради тоа државите се обврзани итно да ги преземат неопходните мерки со кои ќе се елиминира истото, но и да преземат мерки за превенирање на насилството и да го казнуваат истото  независно дали истото е сторено од поединец или од државата. Големо значење за заштита на основните човекови права има и Пекиншката декларација, како и Четвртата Светска конференција за правата на жената од 1995 година. Советот на Европа усвојува Конвенција за спречување и борба против насилство врз жените и семејното насилство позната како Истанбулска конвенција. Значајно е дека Р. Македонија ја ратификува наведената конвенцијата на Советот кое стапува на сила во втората половина на 2018 година. Истанбулската конвенцијата е широко прифатена како правен инструмент за спречување односно намалување на насилството врз жените и семејството како една од најчестите форми на кршење на човекови права. Истанбулската конвенцијата од 2014 година е  правно обврзувачка за земјите потписнички, кои во свои рамки би требало да работат на внесување на сите вредности кои се наведени како круцијални во Конвенцијата. Што е најзначајно за оваа конвенција: ставање крај на насилството врз жените, особено семејното насилство, во која државата мора да работи на заштита на основните човекови права за сите; истата цели кон превенција од насилство, укажување на благовремена помош и предвидување на соодветни мерки кон насилникот; формите на насилство да бидат класифицирани и за истите да има соодветни санкции, а државните институции да ги спроведуваат веќе пропишаните активности. Се работи и на планот на искоренување на предрасудите, обичаите, традициите и други практики кои се темелат на идеата за инфериорност на жените или на стереотипите за улогите на жените и мажите како обврска да се спречи насилството. Со конвенцијата се бара од владите да работат на обезбедување на безбедност на жртвите на насилство кои пред се се наоѓаат во опасност од физички или сексуален напад во домот во кој живеат. И во образованиот процес на секоја единка треба да се укажува на придобивките на родовата еднаквост, заемното почитување, градење на складни меѓучовечки односи и подигање на свеста од штетноста на родово базирано насилство. Од друга страна неформалното образование и воспитување од потесното опкружување можат да дадат видлив  придонес во градење на здрави личности кои ќе знаат да воспостават односи без насилство.

## Законско регулирање на семејното насилство во Р. Македонија

Законското уредување со кој се регулира прашањето за семејно насилство првично е  уредено со Уставот на Р.Македонија. Значајни се и измените и дополнувањата на кривичниот Законик од 2004 година како и Законот за семејство кој доживува извесни измени  сврзани со граѓанско регулирано семејно насилство. Со цел посоодветно превентивно делување на појавите на семејно насилство во периодот 2008/2011, односно 2012/2015 донесени се две „национални стратегии за заштита на семејно насилство. Во 2021 година  донесен е Законот за заштита од насилство врз жените и семејно насилство. Кривичниот законик на Р Македонија за разлика од некои земји од соседството нема посебна инкриминација за семејно насилство а истите се опфатени во веќе постоечки членови на Кривичниот законик, како отежнувачка околност односно претставува квалифициран облик. Станува збор за силување, оддавање на

проституција, обид за убиство и убиство. „Со потпишување на конвенцијата за превенција и борба против насилството над жената и семејното насилство кое 2011 година ја донесе Советот на Европа, Република Македонија прифаќа дека економското насилство е основа за насилство над жената и се очекува дека дефиницијата на семејно насилство предвидена во семејниот закон и КЗ ќе биде проширена така што таа ќе опфаќа економско насилство“ (Мицковиќ & Ристов, 2012:212).

## Резултати од емпириско истражување

Овој дел од студијата е посветен на анализа на емпириските податоци добиени од анкетното истражување спроведено на територијата на град Скопје во периодот март-април 2025 година. Анализата на овој дел од трудот е насочена кон ставовите на анкетираните сврзани со семејното насилство врз жената. Во неа се интегрирани само круцијалните податоци за феноменот на насилство над жената. Првиот елемент е во контекст на влијанието на социо-економската положба и општественот феномен семејно насилство.Социо-економската положба е еден од круцијалните моменти за секоја индивидуа во постмодерното општество од можностите за успех па се до начинот на соочување со проблемите во секојдневниот живот. Видливо е дека женската популација со полош социо-економски статус како и живеењето во патријалхални семејство е интензивно изложена на долгогодишна изложеност на семејно насилство како резултат на обичајните норми на однесување.

Табела бр 1. Женската популација со полош социо-економски статус се почеста жртва на семејно насилство

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Целосно сесогласувам | 73 | 48.7 | 48.7 | 48.7 |
| | Се согласувам | 45 | 30.0 | 30.0 | 78.7 |
| | Немам мислење | 4 | 2.7 | 2.7 | 81.3 |
| | Не се согласувам | 23 | 15.3 | 15.3 | 96.7 |
| | Воопшо не се согла сувам | 5 | 3.3 | 3.3 | 100.0 |
| | Total | 150 | 100.0 | 100.0 | |

Извор: Емпириско истражување

Губењето на вредносниот систем пред се́ на традиционалните семејни вредности пособено доаѓа до израз кај популацијата со полош социо-економски беграунд. Ваквата ситуација се манифестира и преку семејното насилство врз жената. Се забележува дека во ист контекст се и размислувањата на анкетираните Имено од нив 48.7% целосно се согласуваат, 30.0% се согласуваат, 15.3% не се согласуваат, 3.3% воопшто не се согласуваат и 2.7% од анкетираните немаат мислење. Анализата ќе ја продолжам преку согледување на влијанието на социјалниот капитал на женската популација и влијанието на истиот на веројатноста на жената да биде жртва на насилство. Кај женската популација која поседува социјален капитал и подобра општествена положба помала е веројатноста да се соочи со физичко или економско насилство. Прашање е дали и колку жените со понизок социјален капитал се поизложени на семејно насилство.

Табела бр 2. Женската популација со посиромашен социјален капитал е почеста жртва на семејно насилство

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Целосно се согласувам | 59 | 39.3 | 39.3 | 39.3 |
| | Се согласувам | 42 | 28.0 | 28.0 | 67.3 |
| | Немам мислење | 17 | 11.3 | 11.3 | 78.7 |
| | Не се согласувам | 18 | 12.0 | 12.0 | 90.7 |
| | Воопшо не се согла сувам | 14 | 9.3 | 9.3 | 100.0 |
| | Total | 150 | 100.0 | 100.0 | |

Извор:Емпириско истражување

Мнозинството од анкетираните сметаат дека социјалниот капитал е еден од главните фактори кои влијаат на тоа дали една жена се наоѓа под ризик да се соочи со семејно насилство. Така 39.3% целосно се согласуваат со ставот, 28.0% се согласуваат, 12.0% не се согласуваат, 11.3% немаат мислење, додека 9.3% од анкетираните воопшто не се согласуваат со ставот. Во современото општество веќе спомнатите вредности стануваат тривијални, и се повеќе влијание има „вредносниот"систем на улицата и уличното однесување. Губењето на традиционалните семејни вредности и вредностите на традиционалното воспитување доведува до зголемување на насилиството во општеството, а посебно семејното насилство над жената

Табела бр 3. Исчезнувањето на традиционалните семејни вредности влијаат на зголемување на појавата на семејно насилство врз жената

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Целосно се согласувам | 65 | 43.3 | 43.3 | 43.3 |
| | Се согласувам | 51 | 34.0 | 34.0 | 77.3 |
| | Немам миселење | 17 | 11.3 | 11.3 | 88.7 |
| | Не се согласувам | 7 | 4.7 | 4.7 | 93.3 |
| | Воопшо не се согла сувам | 10 | 6.7 | 6.7 | 100.0 |
| | Total | 150 | 100.0 | 100.0 | |

Извор:Емпириско истражување.

Во овој контекст се и размислувањето на популацијата опфатена со анкетното истражување.Така 43.3% целосно се согласуваат, 34.0% се согласуваат, 11.3% немаат мислење, 6.7% воопшто не се согласуваат, а 4.7% од анкетираните не се согласуваат со наведениот став. Општествените девијации како зависност од алхохолизам, наркоманија и коцкање, генерираат и проблеми во контекст на дополнително иницирање и асцелерирање на различни форми на насилство во современото општество. Во најчест случај зависниците од наркотични средства, зависници од алкохол и коцкање мошне често се извршители на семејно насилство.

Табела бр 4. Појавата на зависности алхохолизам, наркоманија, коцкање влијае на зголемување на насилството над жената во семејството

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Целосно се согласувам | 84 | 56.0 | 56.0 | 56.0 |
| | Се согласувам | 43 | 28.7 | 28.7 | 84.7 |
| | Немам миселење | 6 | 4.0 | 4.0 | 88.7 |
| | Не се согласувам | 12 | 8.0 | 8.0 | 96.7 |
| | Воопшо не се согла сувам | 5 | 3.3 | 3.3 | 100.0 |
| | Total | 150 | 100.0 | 100.0 | |

Извор:Емпириско истражување.

Зависностите не само што се штетни за зависникот, туку тие оставаат видливи последици не само во семејството, туку и на општеството во целина. Од една страна зависникот често е извршител на низа форми на насилство, како на членови на семејството, така и вон него. 56.0% од анкетираните целосно се согласуваат со ставот, 28.7% се согласуваат со ставот, 8.0% не се согласуваат, 4.0% немаат мислење додека 3.3% воопшто не се согласуваат со ставот.

Формирањето на целосната перцепција за феноменот на семејно насилство врз жената би била нецелосна доколку во анализата се изоставаат причините кои влијаат дали семејното насилство ќе биде пријавено. Тука ги анализираме податоците од емпириското истражување за факторите кои влијаат за пријавувањето на семејното насилство од страна на жената.

Табела бр 5. Жените жртви на семејно насилство кои биле сведоци на семејно насилство врз нивните мајки поретко го пријавуваат семејното насилство

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Целосно се согласувам | 79 | 52.7 | 52.7 | 52.7 |
| | Се согласувам | 37 | 24.7 | 24.7 | 77.3 |
| | Немам миселење | 12 | 8.0 | 8.0 | 85.3 |
| | Не се согласувам | 13 | 8.7 | 8.7 | 94.0 |
| | Воопшо не се согла сувам | 9 | 6.0 | 6.0 | 100.0 |
| | Total | 150 | 100.0 | 100.0 | |

Извор:Емпириско истражување.

Изложеноста на семејното насилство на жените уште од примарното семејство /семејство од кое истата потекнува го зголемува ризикот од непријавување на соочување со семејно насилство во моментот кога истата се појавува како жртва. Женската популација чии мајки трпеле насилство, потешко се одлучува за пријавување на истото. Поточно 52.7% целосно се сложуваат со ставот, 24.7% се согласуваат, 8.7% не се согласуваат, 8.0% немаат мислење, додека 6.0% воопшто не се согласуваат.

Табела бр 6.Степенот на формално образование на жената жртва влијае на пријавување на семејното насилство

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Целосно се согласувам | 76 | 50.7 | 50.7 | 50.7 |
| | Се согласувам | 34 | 22.7 | 22.7 | 73.3 |
| | Немам миселење | 14 | 9.3 | 9.3 | 82.7 |
| | Не се согласувам | 15 | 10.0 | 10.0 | 92.7 |
| | Воопшо не се согла сувам | 11 | 7.3 | 7.3 | 100.0 |
| | Total | 150 | 100.0 | 100.0 | |

Извор:Емпириско истражување.

Степенот на завршено образование активно влијае на пријавувањето на семејното насилство од страна на жената. Колку е повисок степенот на завршено формално образование толку е повисока веројатноста истата да го пријави насилството. Во овој контекст 50.7% целосно се согласуваат со ставот, 22.7% се согласуваат, 10.0% не се согласуваат, 9.3% немаат мислење додека 7.3% воопшто не се согласуваат со овој став. Овој дел од анализата ќе ја финализираме преку влијанието на економската зависност на жените од своите сопрузи во контекст на пријавување на семејното насилство. Економската зависност на жената доведува до непријавување на сопругот, или откажување од веќе започната постапка.

Табела бр 7 Семејното насилство е карактеристично за дисфункционалните семејства

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Целосно се согласувам | 80 | 53.3 | 53.3 | 53.3 |
| | Се согласувам | 23 | 15.3 | 15.3 | 68.7 |
| | Немам миселење | 13 | 8.7 | 8.7 | 77.3 |
| Valid | Не се согласувам | 19 | 12.7 | 12.7 | 90.0 |
| | Воопшо не се согла сувам | 15 | 10.0 | 10.0 | 100.0 |
| | Total | 150 | 100.0 | 100.0 | |

Извор:Емпириско истражување.

Семејствата со нарушени внатре семејни релации и односи се плодно тло за појава на насилство над жената. Дисфункционалните семејства се најчеста локација на семејното насилство во секое општество. Еден општествен проблем генерира друг, па ист е и контекстот со семејството кое функционира со дисфункционални проблеми. Во оваа смисла 53.3% целосно се согласуваат со ставот, 15.3% се согласуваат, 12.7%, не се согласуваат, 10.0% воопшто не се согласуваат, а 8.7% немаат мислење за тоа дали семејното насилство е карактеристично особено за дисфункционалните семејства.Непријавувањето на семејно насилство од страна на жртвата, како и високата темна бројка" може да се согледа во недоволната информираност за основните човекови права, патријалхалното воспитување на ваквите жртви, и соочување со насилство во семејството. од друга страна причината лежи и во нивната неинформираност за нивна заштита од страна на државните институции како и улогата на одредени невладини организации.

**Заклучок**

Теоретско-емпириската студија ни дава една пред се социолошка перцепција за состојбата со семејното насилство врз жената во македонското општество. Постмодерното општество е одбележано со низа трансформации особено сврзани со вредносниот систем речиси во сите општествени сфери. Видливо е дека женската популација со полош социо-економски статус се поинтензивно изложени да бидат жртви на семејното насилство. Исчезнувањето на вредностите на домашното воспитување, културата и семејните вредности, како и се поголемото влијание на улицата и „уличната култура" придонесоа за зголемување на разни форми на насилство над жената.Организираните предавања за основ на човекови права како и што претставува насилството над жената, ја подигаат свеста на жената, особено во руралните средини во кои мажот сеуште е на „пиедестал во кои владеат патријалхални односи.

Од спроведеното истражување видливи се неколку моменти сврзани со пријавувањето на семејното насилство: најчесто доминираат:степенот на завршено образование на жртвата, економската зависност на жената, недовербата во државните институции, како и немање на можност за решавање на станбеното прашање, и проблемот сврзан со старателтво на децата. Дисфункционалните семејства се најчеста локација на семејното насилство.

Во борбата против семејното насилство над жената се превземени мноштво од мерки по пат на донесување на низа Конвенции, како Истанбулската од (2011) и низа декларации донесени од страна на ЕУ и ОН.Свои активности презема и невладиниот сектор кој како примарна активност ја има заштита на жената од семејно насилство.Може да се заклучи дека сите државни институции, како и невладиниот сектор треба континуирано да ги реализираат програмите наведени во националната стратегија, како би можело да се намали бројот на насилства, да се зголеми бројот на пријавување на истото, и навремено да се интервенира и преземе мерки, како би се избегнале се понаглесени случаи на фемицид, не само во Р Македонија туку и во соседните земји.

**Библиографија:**

Beatrice, M. (2022). Functional vs Dysfunctional in the Family System New Trends in Psychology, Universitatea Internațională Danubius :Galati Vol. 4, No. 22/2022, pp. 38-50.

*Declaration on the Elimination of Violence against Women Proclaimed by General Assembly resolution 48/104 of 20 December 1993*.UN: New York.

Tyyskä, V. (2013*). Family Violence Chapter*. Toronto Metropolitan University: Toronto.

Мицковић, Д Ристов, А. (2012).*Породично насиље и његово правно регулисање у Републици Македонији.Насиље у породици.*Београд:Правни факултет Универзитета у Београду.*192-217*

Рељић, Д. (2018). *Посебна помоћ и заштита старијих лица жртва насиља у породици.*Центар Модерних Знања:Бања Лука.

# PREVENTIVE ACTIVITIES, AS A CONDITION FOR DETECTING AND SUPPRESSING DOMESTIC VIOLENCE

**PHD Dragan Stefanovski**
**HS „Braka Miladinovci“ Skopje**

**Abstract:** *The evolutionary character of postmodern society is not a rhetorical question of this theoretical-empirical study, but the rhetoric is directed in the context of the transformation of social values, the loss of traditional values, as well as the emergence of social anomie in the postmodern. In the context of this study is the social phenomenon of domestic violence, with priority given to violence against women in dysfunctional families. The transformation initiated by global processes in modern society has further accelerated social stratification, initiating socio-economic disproportion between the population. Social anomie in the late postmodern is evident through its indicators in the context of the loss of social values and norms in society. The new value system initiated social evolution, displacing values such as empathy, humanity, tolerance, support and mutual understanding. Through this sociological study we will see the influence of socioeconomic status as one of the factors for domestic violence, with the priority given to physical violence against women. In doing so, I will briefly dwell on international documents, where I place special emphasis on the Istanbul Convention. With this theoretical-empirical study we create a sociological perception of violence against women in contemporary Macedonian society, how it is treated and prevented by state institutions and the non-governmental sector.*

**Keywords:** *dysfunctional family, physical violence, international documents, Istanbul Convention.*